Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 6 август 2024 година

Скопје, август 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 6 август 2024 година**

Седницата започна во 12:15 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Елфет Исмаили заменик на министерот за одбрана, Ален Деребан, заменик на министерот за правда, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата присуствуваа и Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи, Георги Трајчев, секретар во Општина Центар и нотар Методија Ристоски.

Од седницата отсуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и

просторно планирање и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, д-р Арбен Таравари, министер за здравство и м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 7-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јули 2024 година**

1. Информацијата за состојбите со пожарите, со прилози

2. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 18 јули 2024 година до 24 јули 2024 година

3. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 20 јули 2024 до 26 јули 2024 година

4. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 23 јули 2024 година до 29 јули 2024 година

5. Информација за давање согласност за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на правно лице на кое е предвидено изградба на објект од јавен интерес од локално значење, со Предлог-одлука

6. Кадровски прашања

7. Прашања и предлози

8. Предлог на закон за изменување на Законот за архивски материјал, по скратена постапка

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, по скратена постапка

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми, по скратена постапка

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка

12. Информација за отворање на Една точка за услуги во Општина Аеродром и Општина Јегуновце

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа, по скратена постапка

14. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари сопственост на Република Северна Македонија

15. Предлог на закон за изменување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор, по скратена постапка

16. Информација за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, со Предлог – одлука

17. Информација во врска со реформски процес во областа на обуката, односно образованието на кандидатите за полицаец

18. Записник од Петтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 31 јули 2024 година

19. Информација за поништување на решенија за распоредување на работници на Министерството за внатрешни работи согласно Одлука, донесена од Државната комисија за спречување на корупцијата

20. Дополнет предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година

21. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, по скратена постапка

22. Предлог на закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по скратена постапка

*

*          *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јули 2024 година.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за состојбите со пожарите, со прилози.

**Точка 2**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 18 јули 2024 година до 24 јули 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 20 јули 2024 до 26 јули 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на

подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 23 јули 2024 година до 29 јули 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 5</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на правно лице на кое е предвидено изградба на објект од јавен интерес од локално значење, со Предлог-одлука за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија да достави мислење по материјалот.

**<u>Точка 6</u>**

1. Владата од должноста членови на Одборот на директори на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост ги отповика:

- Локман Љимани од извршен член,
- Стојан Ефтимов,
- Дарко Радески,
- Катерина Андонова,
- Зоран Ристов,
- Александар Давидовски и
- Шаип Синани од независен член

1.1 Владата за членови на Одборот на директори на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост ги избра:

- Филип Филиповски,
- Ангел Бојаџиев за независен член,
- Тоше Тулиев,
- Ленче Ристова,
- Мухамет Алиу,
- Тахир Таири и
- Трајко Арџанлиев

2. Владата го разреши Седат Шазиманоски од должноста вршител на должноста директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2.1 Владата ја именува проф. д-р Сузана Јордановска за вршител на должноста директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Исни Јакупи од должноста директор на Управата за водостопанство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3.1 Владата го именува Ромео Тренов за директор на Управата за водостопанство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го именува Фикрет Хоџа за вршител на должноста заменик на директорот на Казнено - поправна установа Затвор - Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го именува Гарип Каба за вршител на должноста заменик на директорот на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата од должноста членови на Националната комисија за учебници ги разреши:

од високообразовните и научните установи од областа на општествено – хуманистичките науки
- д-р Кимо Чавдар

од високообразовните и научните установи од областа на јазиците
- проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, на нејзино барање

од високообразовните и научните установи од областа на природните науки, математика и техника
- доц. д-р Букурије Имери Јусуфи, на нејзино барање

од високообразовните и научните установи од областа на уметностите и спортот
- проф. д-р Седат Бафтиу
- проф. д-р Живко Фирфов

6.1 За членови на Националната комисија за учебници се именуваат:

од високообразовните и научните установи од областа на општествено – хуманистичките науки
- проф. д-р Љубен Тевдовски
- проф. д-р Никола Минов

од високообразовните и научните установи од областа на јазиците
- проф. д-р Гоце Цветановски

од високообразовните и научните установи од областа на природните науки, математика и техника
- д-р Билал Шахини
- проф. д-р Слаѓана Брсакоска

од високообразовните и научните установи од областа на уметностите и спортот
- д-р Агим Реџепи
- проф. д-р Сашо Татарчевски
- проф. д-р Ана Гацева

од основните и средните училишта
- Илми Бислими

Истовремено, Владата заклучи предлозите под реден бр. 6 и 7, односно Агрон Речи, да се разреши од функцијата државен правобранител на Република Северна Македонија и Владата да објави јавен оглас, во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на државен правобранител на Република Северна Македонија да се разгледаат на некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 7**

**1.** Владата во врска со организирањето на настан по повод одбележување на 13 август – ден на потпишување на Охридскиот рамковен договор заклучи:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди простор за одржување на Панел дискусијата на отворено во Клубот на пратеници и освежување (пијалоци) за гостите (50 лица).

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди коктел за гостите на свечениот прием во Музејот на современа уметност (250 лица).

**2.** Владата, по повод одбележувањето на трагичните настани кај месноста Карпалак и кај месноста Љуботенски Бачила, ги донесе следните заклучоци:

1) На 8 август 2024 година, во 9:00 часот, кај месноста Карпалак, делегација во состав:

- Панче Тошковски, министер за внатрешни работи;
- д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и
- Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд,

да положи цвеќе пред спомен обележјето.

Во 13:00 часот, во Прилеп, делегација во состав:

- д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија;
- Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и
- проф. д-р Лазе Јакимоски, заменик на министерот за јавна администрација,
да положи цвеќе пред меморијалниот комплекс Карпалак.

2) На 10 август 2024 година, делегација во состав:

- Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и
- Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд,
да положи цвеќе во 10:00 часот кај месноста Љуботенски Бачила, во близина на с.Љуботен и во 12:30 часот, пред споменикот на жртвите во касарната Илинден.

**3.** Владата го разгледа Барањето за донесување на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Координативно тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, со Предлог – одлука, го прифати Барањето и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Координативно тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**4.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставеното Писмо за намери за анализа на условите за влез на телекомуникациски пазар во Македонија и нудење на услуги во мобилната и фиксна телефонија од страна на „4iG Групацијата“, со иницијатива за склучување на Меморандум за разбирање и ја усвои со заклучок:

- Се овластува Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата и министер за транспорт, да го разгледа и пред евентуално да го прифати меморандумот за разбирање, помеѓу Министерството за транспорт и „4iG Групацијата“ и истиот да го достави до Владата.

**5.** Владата по повод укажувањето, на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Христијан Мицкоски, а во врска со освоеното прво место на младите кошаркари на Европското првенство (ЕП) за јуниори (до 18 години), дивизија Б, го задолжи Министерството за финансии да обезбеди финансиски средства во висина од три милиони денари на Министерството за спорт, а Министерството за спорт преку Кошаркарската федерација на Република Северна Македонија истите да ги распредели на стручниот штаб и кошаркарите.

**6.** Владата по повод укажувањето, на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Христијан Мицкоски, а во врска со одржувањето на седниците на Генералниот колегиум на државни секретари, ги задолжи сите министри кои досега немаат назначено државни секретари, најдоцна до 15 август

2024 година, до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достават податоци за лица кои ќе ги претставуваат своите министерства на состаноците на Генералниот колегиум на државни секретари.

**Точка 8**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за архивски материјал, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, Министерството за финансии и Министерството за правда.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

**Точка 9**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, по скратена постапка и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство, Министерството за финансии и Министерството за правда.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, Министерството за финансии и Министерството за правда.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

**Точка 11**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, Министерството за финансии и Министерството за правда.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за отворање на Една точка за услуги во Општина Аеродром и Општина Јегуновце, ја усвои и го задолжи Министерството за дигитална трансформација да продолжи со активности за реализација на програмските определби за обезбедување на поквалитетни и подостапни услуги за граѓаните и до крајот на 2024 година да ги обезбеди сите потребни предуслови за отворање на новите центри „Една точка за услуги“ во општините Аеродром и Јегуновце.

**Точка 13**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа, по скратена постапка и го утврди, со следните заклучоци

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Министерството за финансии, Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

**<u>Точка 14</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари сопственост на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања на Министерството за дигитална трансформација со Секретаријатот за законодавство по материјалот.

**<u>Точка 15</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, Министерството за финансии и Министерството за правда.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

**<u>Точка 16</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реформски процес во областа на обуката, односно образованието на кандидатите за полицаец, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за образование и наука во рок од пет работни дена да достави номинација на претставници до Министерството за внатрешни работи преку кои би се реализирала меѓуресорската соработка, со оглед на тоа дека со цел ефикасно спроведување на предложената реформа, неопходна е комплетна меѓуресорска анализа, односно процес кој наметнува меѓуресорски институционален експертски пристап, во сите негови фази, од планирање до спроведување на реформата.

**Точка 18**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Петтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 31 јули 2024 година.

Истовремено, Владата го задолжи Центарот за управување со кризи, во текот на денешниот ден, 6 август 2024 година (вторник), да достави информација до Министерството за финанасии, за итна набавка на 1000 противпожарни метли и 1000 противпожарни мешини (напртњачи), а Министерството за финансии да ги обезбеди потребните финансиски средства за оваа намена.

**Точка 19**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за поништување на решенија за распоредување на работници на Министерството за внатрешни работи согласно Одлука, донесена од Државната комисија за спречување на корупцијата, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата од дополнително усогласување на Министерството за внатрешни работи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 20**

Владата го разгледа Дополнетиот предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, го утврди согласно расправата на седницата и заклучи согласно член 199 став (1) од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

## Точка 21

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

## Точка 22

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Законот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието заклучи да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Тања Трипунова и Аница Иваноска Стрезовски, државни советници во Министерството за финансии.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:00 часот.

Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија

Хасим Муртезани

Претседател на Владата на Република Северна Македонија

проф. д-р Христијан Мицкоски